

Во последните неколку децении, Македонската православна црква (МПЦ) била, е и веројатно, ќе биде цел на дискусии, полемики, расправии, па и напади на црковни-те институции на соседните земји и пошироко, коишто настојуваат да го спречат и одол-жат нејзиното влегување во семејството на рамноправните црковни организации во пра-вославието. Притоа, се чинат обиди да се оспорат и историските канонски темели на целокупниот живот на Македонската православна црква.

Во притисоците, изолаци-ја-та и негирањето на Македонската православна црква и на нејзиното легитимно постоење, е ангажиран голем дел од пропагандната и медиска машинерија, која има за цел да ги искривува и премолчу-ва историските факти од минатото и од сегашноста, а тоа се прави со намера да се до-ве-дат во прашање основните обележја на православниот македонски народ, неговиот црко-вен организам и неговата вистина, како народ кој постои со векови, го чува право-славието да има самостојна, суверена и независна држава – Репуб-лика Македонија.

Исто така, одредени кругови и поединци на православните цркви на соседните зем-ји, како да го заборавиле и сопствениот пат на стекнување на самостојност и право на своја православна народна црква.  Се премолчува осумвековното постоење на Ох-рид-ската архиепископија чие основно јадро, од нејзиното формирање до нејзиното не-законско укинување, ги претставувало христијаните од сите делови на Македонија.

Со право се вели дека немајќи своја сопствена држава, Македонците добија, во некоја смисла, национална независност за долг временски период, преку Охридската архиепископија. Црквата беше таа која организираше голем дел оддуховната, културната и друга дејност на својот народ, пред сé, преку градење на цркви и манастири.

Така, Македонската православна црква во Република Македонија е сопственик на околу 2.000 цркви, манастири, параклиси и други верски објекти, кои припаѓаат на седум епархии во Република Македонија, потоа под нејзина јурисдикција се околу осумдесет македонски православни цркви, манастири и црковни општини во дијаспората, кои припаѓаат на четири епархии со околу петстотини свештенослужители и монаштво, дванаесет високодостојници (владици), на чело со поглаварот на Македонската православна црква - Охридска архиепископија, господин господин Стефан во Република Македонија и светот. Таа има Богословско средно училиште и Факултетот за богословија „Свети Климент Охридски“ кој е во состав на државниот универзитет „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје.

На 12 ноември 2009 година, Македонската православна црква во своето име ја вклопи додавката Охридска архиепископија, како директна наследничка на старата Охридска архиепископија. Покрај додавање на додавка, Македонската православна црква – Охридска архиепископија изврши и промени во грбот и знамето, односно наместо приказот на црквата „Света Богородица–Перивлепта“, сега е црквата „Света Софија“ од Охрид, како седиште на архиепископите на Охридската архиепископија.

Денес поглавар на Македонската православна црква – Охридска архиепископија (МПЦ-ОА) е господин господин Стефан, кој има титула архиепископ охридски и македонски и е петти по ред. Првиот поглавар беше господин господин Доситеј, кој беше поглавар на Македонската православна црква од 4 октомври 1958 до 20 мај 1981 година и кој пред сѐ, има големи заслуги за духовното, националното и црковното живеење на Македонците. Тој ја возобнови Македонската православна црква и од него почна сѐ. Вториот поглавар беше господин господин Ангелариј (18.8.1981 до 15.7.1986 година). Третиот поглавар господин господин Гаврил (4.10.1986 до 9.6.1993 година), го направи првиот македонски превод на Библијата, а четвртиот поглавар беше господин господин Михаил (од 21.12.1993 до 6.6.1999 година). Петтиот поглавар на Македонската православна црква е денешниот архиепископ охридски и македонски господин господин Стефан, кој беше востоличен на 10.10.1999 година.

Господин господин Стефан е роден на 1 мај 1955 година, во село Добрушево – Битолско, како Стојан Велјановски, во патријархално православно македонско семејство, како шеста рожба на неговите родители Тале и Стојанка.

Инаку, Добрушево, родното место на архиепископот господин господин Стефан е битолско село сместено во југозападниот дел на Република Македонија и припаѓа во Општина Могила. Се наоѓа во срцето на Пелагонија, североисточно од Битола. Населението се занимава исклучително со земјоделска работа. Во селото има осумгодишно основно училиште, пошта, амбуланта, ветеринарна станица, земјоделска задруга, дом на културата и селска црква „Христово вознесение“ а селска слава е Спасовден. Добрушево има фудбалски клуб ФК „Добрушево“, кој е основан во 1948 година и кој опстојува и денес. Инаку, по повод 50-годишнината на овој фудбалски клуб излезе од печат пригодна монографија, на која рецензенти беа архиепископот господин господин Стефан и авторот на овие редови, Славе Катин.

Карактеристично за ова село е тоа што во неговата околина се наоѓаат археолошките локалитети: Ерековски Ливади - населба од римско време; Плочи - населба од римско време и Селиште - некропола од средниот век. Селото Добрушево отсекогаш било едно од подобрите села, па и денес не го изгуби тој примат, туку напротив. Во него живеат повеќе од 600 жители и е единствено село што има и сопствен парк. Инфраструктурно селото е поврзано и со Прилеп и со Битола, со асфалтни патишта. Од Добрушево се иселиле голем број луѓе во минатото, посебно во текот на 60-тите години на минатиот век. Најголем број се населиле во Австралија, во градовите Мелбурн и Сиднеј, во Соединетите Американски Држави, во Њу Џерси, Канада во Торонто, Германија во Минхен и Франкфурт, во Шведска во Малме и Гетеборг. Селото Добрушево кое е познато и како попско село, изнедрило околу 20 свештеници, меѓу нив и Стојан Велјановски, архиепископот господин господин Стефан, поглавар на Македонската православна црква - Охридска архиепископија.

По завршувањето на основното училиште, есента 1969 година се запишал во Македонската православна богословија „Свети Климент Охридски“ во Драчево - Скопје, која со успех ја завршил во 1974 година. Потоа се запишал на Белградскиот православен факултет.

По дипломирањето на Факултетот, во 1979 година, Светиот архијерејски синод на Македонската православна црква го поставил за професор во Македонската православна богословија „Свети Климент Охридски“ во Драчево - Скопје, а веќе идната година бил испратен на постдипломски студии на Екуменско-патролош-киот институт

„Св. Николај“ во Бари-Италија, на кој магистрирал во 1982 година.

По враќањето од Италија бил поставен за предавач на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ во Скопје, по предметите Свето писмо на Стариот завет и Патрологија, должност од која е избран за архијереј на Македонската православна црква.

Инаку, архиепископот господин господин Стефан беше замонашен на 3 јули 1986 година во манастирот „Свети Наум Охридски-Чудотворец“ во Охрид, а хиротонисан за епископ на 12 јули 1986 година во храмот „Свети Димитриј“ во Скопје како митрополит злетовско-струмички, а кратко потоа бил именуван за митрополит на Брегалничката епархија.

Во наредните години тој работел како професор на Православниот богословски факултет во Скопје, бил главен уредник на весникот „Црковен живот“ и ја вршел функцијата ректор на Македонската православна богословија „Свети Климент Охридски“ во Драчево – Скопје во периодот од 1991 до 1999 година, а бил и портпарол на Светиот архијерејски синод.

На Црковно-народниот собор, одржан на 9 октомври 1999 година, во Соборниот храм на древната Охридска архиепископија „Света Софија“ во Охрид, беше избран, а на 10 октомври 1999 година востоличен како петти поглавар на МПЦ-ОА и оттогаш тој ја извршува должноста архиепископ охридски и македонски, а истовремено е и надлежен архијереј на Скопската православна епархија. И покрај 44-годишната возраст на господин господин Стефан, на изборот Македонската православна црква – Охридска архиепископија, ја вложи довербата во неговата интелектуална и морална зрелост.

Македонската православна црква – Охридска архиепископија, под водството на поглаварот господин господин Стефан, преку своите епархии: Американско-канадско-македонската епархија, Австралиско-новозеландската епархија, Австралиско-сиднејската епархија и Европската епархија ги штити, ги организира и ги афирмира сите македонски црковно-патриотски интереси и потреби, овозможувајќи им на македонските доселеници од сите делови на Македонија да ја чувствуваат националната и црковната слобода. Епархиите обезбедуваат услови за сѐ поголема афирмација на целокупното културно наследство и напредокот на македонскиот народ и Република Македонија.



**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**